University American College Skopje

15 YEARS

# Монографија

## 15 години

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

AD DESTINATUM PERSEQUOR

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
ЛОГО

# 15 ГОДИНИ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
# AD DESTINATUM PERSEQUOR
# 2005 – 2020

# УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

# UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

**2005 - 2020**

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Марјан Петрески
Проф. д-р Марјана Ванева
Вон. проф. д-р Марина Андева
М-р Александра Симова Клинчарова
Ива Миноска

**Главен и одговорен уредник:**
Проф. д-р Марјан Петрески

**За издавачот:**
Проф. д-р Марјан Бојаџиев, Провост на УАКС

**Графичко обликување, техничка и компјутерска подготовка:**
УАКС

**Печат:**
Принт Фактори

**Тираж:**
50 примероци

# КОН ЈУБИЛЕЈОТ

## 15 ГОДИНИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Во 70-тите и 80-тите години од 20 век, Скопје беше меѓународен универзитетски центар. Во Скопје имаше студенти, пред сè, од арапските земји и од Грција, кои му даваа посебен „шмек" на меѓународен универзитетски град. Денес, Скопје е вистински европски град. Има студенти од целиот свет, и за најголемиот дел од нив, причина е Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Во периодот 2002-2004 година бев раководител во банка, а како надворешен соработник, истовремено и предавав на еден приватен универзитет во Скопје. Оттука почна мојата љубов и посветеност кон образованието. Во 2004 г. почнав да работам како консултант и советник во „Протект М" од Скопје, чиј основач, Едмонд Крлиу, ми даваше неограничена поддршка за сите мои проекти. Најзначаен проект од тоа време испадна Американ колеџ.

Нашиот тим доби на помош консултанти од САД, кои ги ревидираа наставните програми, оствари соработка со УСАИД при организацијата на библиотеката, се оствarija и бројни средби со претставници на американски компании во Македонија. Поддршката дојде и од колеги и колешки од Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања и од Економскиот институт.

Елаборатот за формирање на Факултет за општествени и хуманистички науки „Американ Колеџ Скопје" беше поднесен на 30.5.2005 година. Основната идеја беше да се оформат три насоки: бизнис, политички науки и правни науки. Но, по неколку состаноци со Одборот, беше донесена одлука за промена на елаборатот во елаборат за формирање Факултет за деловна економија и организациони науки Американ Колеџ Скопје, и тој елаборат беше одобрен од Одборот за акредитација. Претседател на Комисијата која го оценуваше елаборатот беше проф. Борче Давитковски.

Првиот час на Американ, се одржа на 5.10.2005 г.
Првиот МБА час се одржа во февруари 2006 г.

Со првата матична комисија претседаваше д-р Татјана Петковска-Мирчевска, која ги промовираше првите доценти: Томе Неновски, Евгениј Зографски, Нинко Костовски и Марјан Бојаџиев. Оттука произлезе и стратегијата за избор на професорски кадар на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, која се базира на политика на т.н. „три третини":

1. Редовно вработени универзитетски наставници, при што приоритет имаат кандидати со значајно деловно искуство, како и кандидати со меѓународни магистерски и докторски квалификации;
2. Предавачи од пракса, вработени во истакнати компании и институции;
3. Визитинг-професори од странство.

Од самиот почеток, Универзитет Американ Колеџ Скопје амбициозно верува дека треба и може да се споредува со најдобрите на меѓународно ниво. Горди сме на нашата интернационализација и на:

- Меѓународна акредитација и меѓународно признаени наставни програми
- Меѓународни професори и меѓународна активност на наши професори
- Меѓународни студенти

❖

Ако сум на нешто горд, тоа е културата на Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Денес, после 15 години, после сите растежи  и падови, УАКС функционира како семејство. Ние ги знаеме нашите радосни и тажни мигови, нашите родендени и годишници.

Горд сум на победничката култура на Универзитет Американ Колеџ Скопје. За нас нема невозможна мисија.

Тимот на УАКС не се состои од ѕвезди кои дојдоа од други универзитети (со чест на ретки исклучоци). Напротив, скоро сите од денешните „ѕвезди“ на УАКС ја почнале својата академска кариера на Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Повеќето наши колеги дојдоа како врвни стручњаци во професијата, но како почетници во академскиот занает. Денес се врвни научници, врвни наставници, добитници на награди.

Администрацијата на УАКС растеше заедно со Универзитет Американ Колеџ Скопје. Имавме привилегија да ги селектираме и регрутираме најдобрите студенти.

❖

Денес, на 5 октомври 2020 година, славиме 15 години Американ Колеџ. За жал, наскоро ќе одбележиме и една година од почетокот на Ковид-19 пандемијата. Човештвото се соочува со најголем предизвик од Втората светска војна.

Универзитет Американ Колеџ Скопје имаше фантастична трансформација во работењето. Од 10-ти март, кога ја суспендиравме наставата во училница, па сè до 10 септември, кога почнавме да ја тестираме хибридната настава, УАКС го „затвори целиот круг“.

Покажавме и докажавме како и во тешки и опасни времиња можат да се постигнат највисоки стандарди.

Покажавме и докажавме како и во овие тешки и опасни времиња продолжуваме со остварување на нашата мисија – да ги споделиме зраците на светлината на патот на нашите студенти кон доблеста и науката.

Има подобро платени работи од професорската, има подинамични работи од професорската.

Но, нашата професура е благородна.

Имаме единствена можност да влијаеме на млади луѓе. Нивниот иден позив да биде далеку повеќе од нивна идна професија.

Имаме единствена можност да влијаеме врз младите луѓе.  Па тие да направат подобри организации, а сите заедно ќе изградиме подобро општество.

Ако успееме во овој напор барем делумно, тогаш сме успеале во животот целосно.

Ad destinatum Peresequor!



Провост на Универзитет Американ Колеџ Скопје
**Проф. д-р Марјан Бојаџиев**

# МИСИЈА

Универзитет Американ Колеџ Скопје е посветен да обезбеди врвен квалитет во високото образование со комбинирање на најдобрите европски и американски образовни стандарди.

Универзитет Американ Колеџ Скопје нуди образование на македонски и на англиски јазик, на додипломски и постдипломски студии, за македонски студенти и за студенти од странство, подготвувајќи ги за работни позиции во владини, невладини, меѓународни и домашни организации, компании и индустрии. УАКС ангажира наставен кадар којшто има врвни практични, професионални и академски достигнувања.

Работата на Универзитетот се води според следните принципи:

- меѓународен наставен кадар
- меѓународни студенти
- меѓународни наставни програми, учебници и наставни помагала

Универзитет Американ Колеџ Скопје силно поддржува:

- партиципативно учење
- учење преку практична работа
- стажирање
- учество на гости предавачи од бизнис заедницата
- настава која ги поврзува студентите со ситуации од реалниот живот

Универзитет Американ Колеџ Скопје силно верува дека ова е најдобриот начин студентите да се изградат како вистински професионалци и да се подготват за предизвиците на реалниот свет.

# ВИЗИЈА

Универзитет Американ Колеџ Скопје се стреми:

- Да стане лидер во високото образование во регионот
- Да остане прв избор на студентите, професорите и администрацијата, во земјата и пошироко
- Да изгради мрежа за доживотно и континуирано учење

# ВРЕДНОСТИ

Универзитет Американ Колеџ Скопје е силно посветен на овозможување врвно образование за своите студенти и нивно оформување во вистински лидери на иднината.

Универзитет Американ Колеџ Скопје негува и се залага за професионален и личен напредок на сите членови од својот тим, на начин на кој тие ќе можат да го поттикнат развојот на студентите и со цел во иднина да создаваат подобри организации.

Универзитет Американ Колеџ Скопје ги поддржува и им помага на сите оние кои имаат потреба, со крајна цел да изградиме подобро општество.

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

# ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ

## Иницијатива

Во атмосфера на засилен интерес за основање приватни високообразовни институции во Македонија, во пролетта 2005 година, кај неколкумина ентузијасти со далекусежна визија се роди идејата за основање Факултет за деловна економија и организациони науки како самостојна високообразовна институција. Целта беше да се основа факултет кој целосно ќе биде ориентиран кон студии за совладување на сложените економски проблеми пред кои се наоѓаа студентите. Притоа, се оцени дека називот на таа институција треба да содржи дел којшто ќе биде препознатлив и во Република Македонија, и во странство. Така беше создаден називот Факултет за деловна економија и организациони науки Американ Колеџ Скопје (ФДЕИОН).

## Матична комисија

За подготовка и реализација на сите активности околу основањето на ФДЕИОН беше формирана матична комисија во состав:

- Проф. д-р Татјана Петковска-Мирчевска - претседател
- Проф. д-р Јован Донев
- Проф. д-р Димитар Ефтимоски
- Проф. д-р Изет Зеќири
- Проф. д-р Мирјана Борота-Поповска
- Проф. д-р Благоја Наневски
- Проф. д-р Љиљана Мишкова-Кајевска

## Правен статус

Правниот статус на новата високообразовна институција беше регулиран со Решение за акредитација на Факултет за деловна економија и организациони науки Американ колеџ Скопје за прв и за втор циклус студии број Ск. 12 од 08.12.2005, издадено од Одбор за акредитација на високото образование во РМ и со Решение за почеток со работа на приватна високообразовна установа Факултет за деловна економија и организациони науки Американ Колеџ Скопје, број 12 -7833/4 од 28.02.2006 година, издадено од Министерство за образование и наука на РМ.

АМЕРИКАН КОЛЕЏ ДОО
Бр. 05-76
12.12.2005 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 и член 42 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 64/2000 и 49/03), Одборот за акредитација на 39-та седница одржана на 28.11.2005 година донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за прифаќање и акредитација на Проектот за основање на приватна високообразовна установа Факултет за деловна економија и организациони науки „Американ колеџ" - Скопје**

Се прифаќа и акредтира Проектот за основање на приватна високообразовна установа Факултет за деловна економија и организациони науки, „Американ Колеџ" - Скопје, врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност во рамките и според условите утврдени во ова решение (во натамошниот текст: Факултет).;

2. Седиштето на Факултетот е во Скопје, на III-та Македонска бригада б.б.

3. Основач на Факултетот е "Американ Колеџ" ДОО за менаџмент и консалтинг - Скопје, ул.3-та Македонска бригада б.б.

4. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава на Факултетот како правно лице и тоа за студиската програма од областа на деловната економија и организациони науки во траење од 3 години и тоа на насоката:
- Деловна економија и организациони науки.

5. По завршените тригодишни студии студентот се стекнува со степенот дипломиран економист по деловна економија или "Bachelor" (скратено дипл. или BA.,B.Sc.,). со назначување на насоката.

1

По завршените двегодишни последипломски студии и одбрана на магистерски труд се стекнува научниот степен магистер на науки (скратено: мр, или М.А., Msc ) од областа на деловната економија и организационите науки.

6. Основачот е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи за вршење високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/03).

7. Основачот може да врши запишување на студенти, откако во целост ќе ја спроведе постапката за основање на Факултетот во согласност со Законот за високото образование, односно откако ќе добие решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука, ќе изврши запишување на Факултетот во Регистарот на високообразовни установи на Република Македонија, како и во судскиот Регистар кај надлежниот суд, по што Факултетот се стекнува со статус на правно лице и право да врши високообразовна дејност.

8. Според условите дадени во Проектот, на Факултетот може да се запишат најмногу до 200 вкупно редовни студенти на прва година студии, при тоа вкупниот број на запишани студенти на факултетот не може да изнесува повеќе од 600, под услов основачот целосно да го обезбеди просторот, опремата и наставниот кадар предложени во проектот.

9. Со денот на влегувањето во сила на ова решение основачот има право да ги превзема сите активности за спроведување на Проектот за основање на Факултетот.

Основачот нема право ова Решение да го користи за информирање на јавноста дека е завршена постапката на основање на Факултетот и дека се

исполнети условите за вршење на високообразовна дејност на Факултетот, ниту на било кој начин да ја доведува во заблуда јавноста дека може да започне со упис на студенти.

10. Акредитацијата од точка 1 на ова решение му дава право на основачот да продолжи со подготвителните работи за основање и конституирање на Факултетот со право наставата да ја започне од учебната 2006/2007 година или подоцна.

11. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува со денот на дадената гаранција согласно законот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 31.05.2005 година осовачот Друштво за менаџмент и консалтинг "Американ Колеџ" ДОО Скопје, Ул.III-та Македонска бригада б.б., достави Проект за основање приватна високообразовна установа Факултет за деловна економија и организациони науки во Скопје со прилози кон Проектот, со барање за негова акредитација .

Од извршениот увид во Проектот за основање приватна високообразовна установа Факултет за деловна економија и организациони науки во Скопје, од извршениот непосреден увид во просториите во Скопје и во целокупната документација за основање на факултетот, експертската комисија подготви експертски извештај и го достави до Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација на своите 36-та седница одржана на 14.09.2005 година, 37-та седница одржана на 12.10.2005 година , 38-та седница одржана на 28.10.2005 година му укажа на основачот да го редимонзионира

проектот поред условите кои ги исполнува. По постапувањето на основачот на Одброт за акредитација на својата 39-та седница одржана на 28.11.2005 година го разгледа Извештајот на експертската комисија по Проектот и дополнувањата на проетот за основање на Факултетот, заедно со анексите кои Проектот и согласно Заклучокот и предлогот на експертската комисија, како и по обемната расправа за суштинските елементи на проектот, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Одборот за акредитација заклучи да му укаже на основачот дека има право да ги превземе сите активности за спроведување на Проектот за основање на Факултетот и да ја информира јавноста за содржината на решението за акредитација, како и за активностите што ги преевзема за основање на факултетот. Но при тоа му укажува на основачот дека нема право Решението за акредитација да го користи за информирање на јавноста дека е основан факултетот; како доказ дека се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност на Факултетот кои допрва треба да се основаат и да не врши упис на студенти. Одборот за акредитација ќе ги превзема наредните свои активности според придржувањето на основачот кон овој негов заклучок.

Одборот за акредитација заклучи да му укаже на основачот дека ова решение му дава право на основачот да продолжи со подготвителните работи за основање и конституирање на Факултетот со право учебната година да ја започне од учебната 2006/2007 година или подоцна, по извршувањето на подготовките за почетокот со работа и добивањето на решение од Министерството за образование и наука дека се исполнети условите за почеток со работа на Факултетот.

Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА**
**АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Проф. д-р Тито Беличанец**

4

## СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ И ПОЧЕТОК СО РАБОТА НА ФДЕИОН

Свеченото отворање на Факултетот за деловна економија и организациони науки всушност беше првиот час од академската 2005/2006 година, кој се одржа на 05.10.2005 година во просториите на факултетот.

## НАСТАВЕН КАДАР НА ФДЕИОН

На седницата одржана на 26.12.2005 година, Матичната комисија ги избра следните наставници на новооснованиот факултет:

- Доц. д-р Нинко Костовски
- Доц. д-р Евгениј Зографски
- Доц. д-р Марјан Бојаџиев
- Вон. проф. д-р Драгољуб Арсовски
- Доц. д-р Томе Неновски
- М-р Мишел Марело – лектор
- М-р Викторија Гомбар – асистент
- Венера Крлиу – помлад асистент
- Висар Шаља – помлад асистент
- Ирина Маја – помлад асистент
- Маја Стојановиќ – помлад асистент
- Никица Мојсоска-Блажевски – помлад асистент

Засилувањето на ФДЕОН со квалитетен наставнички кадар беше извршено во пролетта 2006 година со избор на повеќемина други наставници во соодветни наставно-научни звања.

# РАКОВОДСТВО НА ФДЕИОН

Конститутивната седница на Наставно-научниот совет на ФДЕИОН беше одржана на 13.01.2006 година. На таа седница за декан на ФДЕИОН беше избран д-р Марјан Бојаџиев, а за продекан д-р Томе Неновски.

Истовремено, беа избрани и раководители на одделните студиски области во рамки на факултетот и тоа, д-р Евгениј Зографски за раководител на катедрата *Финансии* и д-р Нинко Костовски за раководител на катедрата *Менаџмент*.





**Д-р Марјан Бојаџиев** **Д-р Томе Неновски**

# УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

## Основање

Потребата од усогласување со одредбите на новиот Закон за високото образование беше предизвик веќе етаблираниот бренд „Американ колеџ“, како самостојна високообразовна институција, да прерасне од факултет во Универзитет Американ Колеџ Скопје. За таа цел, во 2006 година се пристапи кон подготовка за основање универзитет.

Основач на УАКС е АКС Менаџмент ДОО Скопје, со кого раководи Одбор на директори во состав:

| | |
|---|---|
|  | Марјан Бојаџиев – Претседател на Одбор на директори |
|  | Венера Крлиу-Ханџиски – Заменик претседател на Одбор на директори |
|  | Едмонд Крлиу – Член на Одбор на директори |
|  | Владимир Илиев – Член на Одбор на директори |

# ЕДИНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

При основањето, Универзитет Американ Колеџ Скопје во својот состав ги имаше следните единици:

- Факултет за деловна економија и организациони науки
- Факултет за јавна администрација
- Факултет за политички науки
- Факултет за странски јазици
- Висока школа за внатрешна архитектура и дизајн
- Висока школа за компјутерска техника и информатика

# ПРАВЕН СТАТУС

Правниот статус на Универзитет Американ Колеџ Скопје беше регулиран со Решение за акредитација на Проект за основање на високообразовна установа Универзитет Американ колеџ во Скопје број Ск. 12 од 19.06.2006 г., издадено од Одбор за акредитација на високото образование во РМ и со Решение за почеток со работа на ПВУ Универзитет Американ Колеџ Скопје бр.12-1266/5 од 25.07.2006 г., издадено од Министерство за образование и наука на РМ.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација на
високото образование
Бр. 14 11

Друштво за менаџмент и консалтинг
АМЕРИКАН КОЛЕЏ ДОО
Бр. 01-611
29.06.2006
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 и член 42 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија", број 64/2000 и 49/03), Одборот за акредитација на 46-та седница одржана на 18.05.2006 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на Проектот за основање на високообразовна установа Универзитет „Американ колеџ" во Скопје**

1. Се прифаќа и акредитира Проектот за основање на приватната високообразовна установа Универзитет „Американ колеџ" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), согласно членовите 35 и 36 од Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење високообразовна дејност.

2. Седиштето на Универзитетот е во Скопје, на III-та Македонска бригада, б.б.

3. Основач на Универзитетот е "Американ Колеџ" ДОО за менаџмент и консалтинг-Скопје (во натамошниот текст: основачот), со седиште на ул.3-та Македонска бригада б.б.

4. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за студиските програми од прв степен на факултетите со траење од три години:

- Факултет за деловна економија и организациони науки;
- Факултет за правни науки;
- Факултет за политички науки и јавна администрација и
- Факултет за странски јазици.

По завршените тригодишни студии од став 1 на оваа точка студентите кои ги завршиле додипломски студии од прв степен на наведените факултети се стекнуваат со диплома :

- дипломиран економист по деловна администрација;
- дипломиран политиколог;
- дипломиран во јавна администрација;
- дипломиран филолог;

Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава и за студиските програми на студиите на високите стручни школи со траење од три години:

- Висока школа за архитектура и дизајн; и
- Висока школа за компјутерска техника и информатика.

# СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ

Свеченото отворање и почеток со работа на УАКС беше на 05.10.2006 година. На настанот кој се одржа во хотелот Holiday Inn присуствуваа студенти со нивните родители, професори и ценети личности од академската и деловната заедница. Пригодни говори на отворањето имаа г. Никол Нолан од Американската стопанска комора во Македонија и амбасадорот на Европската Унија во Македонија, г. Ерван Фуере.



# РАКОВОДЕЊЕ СО УАКС

***Ректори и проректори***

Со одлука на Сенатот на УАКС број 10-782 од 14.09.2006 година, за ректор на УАКС беше избран д-р Марјан Бојаџиев, а за проректор д-р Томе Неновски.
Од неговото основање до 2015 година, со УАКС раководеа:

***Ректори:***

Д-р Марјан Бојаџиев (2006 – 2008) (в.д. ректор)
Д-р Биро Гашпар (2008 – 2010)
Д-р Марјан Бојаџиев (2010 – 2018)
Д-р Томе Неновски (2018)

***Проректори:***

Д-р Томе Неновски, проректор за настава (2006 – 2011)
Д-р Злат Миловановиќ, проректор за развој и меѓународни односи (2007 – 2011)
Д-р Марјан Петрески, проректор за научно-истражувачка работа (2013)
Д-р Венера Крлиу Ханџиски, проректор за настава (2018)

# АКРЕДИТАЦИИ

**Домашни акредитации на факултети и на студиски програми на УАКС**

Во периодот што следеше по основањето на УАКС и сè до 2010 година, неговата структура по единици и по студиски програми се менуваше и се развиваше во согласност со актуелните потреби и барања на Законот за високото образование, образовниот простор во РМ и во стопанството во РМ, како и на барањата и потребите на студентите кои одлучија своето високо образование да го стекнат на УАКС.

Во тој период, со решенија на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на РМ и со решенија на Министерството за образование и наука на РМ, беа акредитирани тогаш постојните единици и студиски програми на УАКС.

Во 2011 година и во годините што следеа после неа, беа вршени повеќе измени и дополнувања на Законот за високото образование на РМ, кои налагаа потреба за соодветно усогласување на студиските програми на високообразовните институции во РМ.

Приспособувајќи се кон тие законски измени и дополнувања, УАКС побара и доби акредитација од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ и од Министерство за образование и наука на РМ за усогласување на студиските програми на сите свои единици.

## Меѓународни акредитации

Согласно својата мисија, УАКС се залага за квалитетно високо образование според највисоките европски и американски стандарди. УАКС работи на постојано усовршување на наставните програми и нивно приспособување кон потребите на студентите и деловната заедница во РМ, истовремено следејќи ги најновите европски и американски стандарди за високо образование.

За реализација на таа цел, УАКС ги презеде следните активности за меѓународна афирмација на своите програми:

- Во 2007 година УАКС стана кандидат за акредитација кај Акредитацискиот совет за независни факултети и колеџи (Accrediting Council for Independent Colleges and Schools – ASICS);
- Во 2008 година УАКС стана кандидат за акредитација кај Европскиот совет за бизнис образование (European Council for Business Education – ECBE);
- Во 2009 година УАКС стана кандидат за акредитација кај американскиот Совет за акредитација на бизнис школи и програми (Accreditation Council for Business Schools and Programs – ACBSP);
- Во 2010 година УАКС ја почна постапката за акредитација на неговите бизнис програми од страна на Европскиот совет за бизнис образование (ECBE). Врз основа на оценката за исполнетост на критериумите поставени од меѓународното акредитациско тело, УАКС доби акредитација на следните програми: Master of Business Administration (MBA) - на англиски јазик; Bachelor in Business Administration (BBA) - на македонски и англиски јазик и Bachelor of Business Administration (BBA) – на македонски јазик за вонредни студенти. Таа акредитација претставува признание за квалитетот на програмите на ФДЕИОН во европски рамки. Со таа акредитација на студентите на ФДЕИОН им се овозможува поголема препознатливост на квалитетот на образованието кое тие го стекнале на УАКС и поголеми можности за продолжување на нивното образование во странство;
- Во 2011 година УАКС доби признание за квалитетот на програмите кои ги нуди и во Република Турција од страна на Турскиот совет за високо образование (*Yükseköğretim Kurulu - YÖK*). Тоа значи потврдување дека сите дипломи кои УАКС им ги издава на своите дипломирани студенти се признаваат како високообразовна квалификација која има еднаков квалитет како и дипломите кои ги издаваат високообразовните установи во Република Турција. Тоа признание беше основа за почеток на долгорочна и успешна соработка помеѓу Факултетот за архитектура и дизајн на УАКС и Универзитетот Гази во Анкара во делот на размена на студенти и академски кадар;
- Во 2012 година УАКС доби акредитација од американскиот Совет за акредитација на бизнис школи и програми (Accreditation Council for Business Schools and Programs – ACBSP). Акредитацијата ACBSP е особено значајна за студентите кои со дипломирање на ФДЕИОН се здобиваат со меѓународно признаена диплома. Со тоа тие стекнуваат големи шанси за работа во значајни домашни и меѓународни компании и за продолжување на своето образование на престижни меѓународни

факултети и универзитети. Тоа произлегува од фактот што акредитацијата од ACBSP значи потврда на квалитетот на образованието што се стекнува на УАКС и на програмите кои содржат деловни компоненти (business-related programs) за сите факултети.

- Во 2019 година, УАКС ја доби и престижната ACCA меѓународна акредитација за студиската програма на додипломски студии Ревизија и сметководство при ФДЕИОН. Одборот за акредитација за меѓународната стручна школа ACCA (the Association of Chartered Certified Accountants) го одобри барањето на Универзитетот „Американ колеџ Скопје“ (УАКС) за акредитација, што е од големо значење за студентите. Благодарение на тоа, акредитираните предмети се признаени од страна на ACCA, и секој млад професионалец од УАКС од областа на сметководство и ревизија ќе има можност да се стекне со меѓународна лиценца за работа која ќе го истакне на домашниот и меѓународниот пазар на труд.



# ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во состав на УАКС работат неколку акредитирани единици, на кои се реализираат студии на прв, втор и трет циклус. Уште од самиот почеток со работа на УАКС, студиите се организираат според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

***Единици и студиски програми***

На УАКС се реализираат студии на следните акредитирани единици и студиски програми:

***1. Факултет за деловна економија и организациони науки***

- Прв циклус студии на македонски и на англиски јазик на следните студиски програми: Менаџмент, Маркетинг и Финансии; Ревизија и сметководство;

- Втор циклус студии на македонски и на англиски јазик на следните студиски програми: МБА, Менаџмент, Маркетинг, Финансии и банкарство, Менаџмент на човечки ресурси; Ревизија и сметководство;

- Трет циклус студии на англиски јазик на следните студиски насоки: Економија, Бизнис администрација и Инженерски менаџмент.

***2. Факултет за архитектура и дизајн***

- Прв циклус студии на македонски јазик на следните студиски програми: Архитектура, Внатрешна архитектура и Визуелни уметности;

- Втор циклус на македонски јазик на следните студиски програми: Архитектура, Внатрешна архитектура и Визуелни уметности.

***3. Факултет за компјутерска техника и информатика***

- Прв циклус студии на македонски и на англиски јазик на следните студиски програми: Софтверско инженерство, Компјутерски мрежи, Менаџмент на информациски системи, ИТ менаџмент и Роботика, вештачка интелигенција и обработка на сигнали;

- Втор циклус студии на македонски и на англиски јазик на следните студиски програми: Софтверско инженерство, Роботика и биоинформатика, Менаџмент на информациски системи и ИТ менаџмент;

- Трет циклус студии на студиската програма: Информациски системи и менаџмент.

***4. Факултет за политички науки***

- Прв циклус студии на македонски јазик и на англиски јазик на следните студиски програми: Меѓународни односи и дипломатија и Економска дипломатија;

- Прв циклус на македонски јазик и на англиски јазик на студиска програма по Психологија;

- Втор циклус студии на македонски и на англиски јазик на студиската програма Меѓународни односи и дипломатија;

- Втор циклус на македонски јазик и на англиски јазик на следните студиски програми: Здравствена психологија и психолошко советување и Деловна и организациска психологија.

***5. Факултет за странски јазици***

- Прв циклус студии на англиски јазик на следните студиски програми: Настава по англиски јазик и Деловна комуникација и превод на англиски јазик;

- Втор циклус студии на англиски јазик на следните студиски програми: Настава по англиски јазик, Деловна комуникација и превод на англиски јазик.

***6. Факултет за правни науки***

- Прв циклус студии на македонски јазик на следните студиски програми: Правосудна насока и Деловно право;

- Втор циклус студии на македонски јазик на следните студиски програми: Правосудна насока и Деловно право;

- Трет циклус студии на македонски јазик на студиската програма Право.

# ДЕКАНИ/РАКОВОДИТЕЛИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА УАКС

Одделните единици на УАКС во текот на изминатите години беа под раководство на следните декани/раководители:

***Декан на Факултет за деловна економија и организациони науки***

*Д-р Марјан Бојаџиев (2006 година)*

*Д-р Нинко Костовски (2006 – 2008)*

*Д-р Драгољуб Арсовски (2008 – 2009)*

*Д-р Нинко Костовски (в.д. декан) (2009)*

*Д-р Никица Мојсоска - Блажевски (2009 –2018)*

*Д-р Снежана Христова (2018-2021)*

***Раководител на Висока школа за внатрешна архитектура и дизајн***

*М-р Викторија Еремеева Наумоска (2006-2007)*

***Декан на Факултет за архитектура и дизајн***

*М-р Викторија Еремеева Наумоска (2007- 2011; 2011-2016)*

*Д-р Мишко Ралев (2016-2020, 2020-2023)*

***Раководител на Висока школа за компјутерска техника и информатика***

*Д-р Ѓорѓи Јованчевски (2006-2007)*

***Декан на Факултет за компјутерска техника и информатика***

*Д-р Ѓорѓи Јованчевски (2007-2011; 2011-2013)*

*Д-р Адријан Божиновски (в.д. декан) (2013- 2014)*

*Д-р Адријан Божиновски (2014 – и натаму)*

*Д-р Вено Пачовски (2018-2021)*

***Декан на Факултет за политички науки***

*Д-р Анета Јовевска (2006-2010; 2010-2011)*

*Д-р Иван Додовски (в.д. декан) (2011-2012);*

*Д-р Иван Додовски (2012-2016, 2016-2020)*

***Декан на Факултет за странски јазици***

*Д-р Лидија Давидовска-Ивановска (2006-2009)*

*Д-р Иван Додовски (2009-2011)*

*Д-р Марјана Ванева (2011-2012; 2012-)*

***Декан на Факултет за правни науки***

*Д-р Звонимир Јанкулоски (2007- 2011)*

*Д-р Јадранка Мршиќ (2011- 2012; 2012-2013)*

*Д-р Марко Андонов (в.д. декан) (2013-2014)*

*Д-р Марко Андонов (2014-2018, 2018-2021)*

# БРОЈ НА СТУДЕНТИ

***Број на запишани студенти***
октомври 2005 – октомври 2020

**6763**

***Број на дипломирани студенти***
октомври 2005 – октомври 2020

**2435**

***Број на магистрирани студенти***
октомври 2005 – октомври 2020

**615**

***Број на докторирани студенти***
октомври 2005 – октомври 2020

**3**

# НАГРАДИ И ОСТВАРУВАЊА

## ЗНАЧАЈНИ НАГРАДИ И ОСТВАРУВАЊА НА СТУДЕНТИ НА УАКС

- Во 2010 година студентката Јелена Костовска учествуваше во програма за Јавна администрација во Франција на која беше испратена од Владата на РМ;
- Во 2010 година студентот Горан Трајков ја претставуваше РМ на Global Conference on Cluster Munitions – конференција која се одржа во Сантијаго, Чиле.
- Во 2011 година Мартин Најдов постигна најдобар резултат во тестирањето GMAT во Европа и беше поканет да ги менторира последователните кандидати на тоа тестирање. Мартин се стекна со диплома на УАКС и денес работи во банката HSBC во Јужна Африка;
- Во 2012 година Мартина Цветановска беше победник на натпреварот за ораторство на тема "Што ќе ни донесе Европската унија мене и на моето семејство?", организиран од Европското движење за Македонија за Ден на Европа – 9 мај;
- Во 2012 година студентките на последипломски студии Ана Крлеска, Ема Костовска и Ема Кастратовиќ беа единствен тим од РМ кој ја претставуваше државата во финалето на натпреварот за бизнис план организиран од престижната банка Société Générale во Париз, Франција;
- Во 2012 студентите на Факултет за правни науки го освоија второто место на меѓународниот натпревар во симулација на судење пред Европскиот суд за човекови права организиран од шведската меѓународна организација 'Бранители на човековите права' (Civil Rights Defenders);
- Во 2013 Дане Тодоровски, студент на ФДЕИОН, победи на натпреварот за најдобар бизнис план организиран од Министерството за економија на РМ со бизнис планот "Мрежа за електронски отпад" и доби финансиска поддршка од тоа министерство за проектна реализација;
- Во 2014 година студентката Маја Илиевска беше победник на регионалниот натпревар за бизнис план организиран од Фондацијата "Рон Браун" и Амбасадата на САД во Скопје и добитник на наградата "Најдобар бизнис план";
- Во 2014 година студентката Марија Димитриевска по втор пат го доби признанието Icograda excellence на Постер фестивал одржан во Скопје под мотото „Дизајн за мир" (првата беше во 2012 година на истиот фестивал под мотото "Пари бесплатно");
- Во 2014 година беше откупен трудот на студентите-апсолвенти на ФАД Мељиха Исмаил, Наџије Хамзаи, Аделина Ракипи, Адриатик Имери, Арменд Шаќири и Рилинд Даути за изработено идејно решение за реставрирање на ресторан 'Езерце' во Градскиот парк во Скопје;
- Во 2014 година студентот Антониј Караџоски беше победник на креативниот натпревар "Сосема моја Македонија", во организација на Бизнис академија Смилевски и компанијата за маркетинг и односи со јавност PWorld.

## НАГРАДИ И ОСТВАРУВАЊА НА НАСТАВНИЧКИ КАДАР НА УАКС

Квалитетот на наставничкиот кадар на УАКС го потврдуваат повеќе домашни и меѓународни награди и признанија за други остварувања:

- Во 2007 година Марија Тодорова ја доби наградата "Златно перо" за најдобар превод на книгата "Петар Пан во црвено";
- Во 2008 година д-р Томе Неновски ја доби државната награда "Мито Хаџивасилев – Јасмин" за остварувања во областа на публицистиката;
- Во 2009 година д-р Томе Неновски ја доби државната награда "Гоце Делчев" за остварување од посебно значење за Република Македонија за неговата книга "Структура на јавните финансии во Република Македонија";
- Во 2011 година д-р Марјан Петрески ја доби наградата "Olga Radzyner" за млад истражувач на годината, која ја доделува Народна банка на Австрија;
- Во 2011 година д-р Никица Мојсоска-Блажевски доби награда за најдобар макроекономски труд, која ја додели Народна банка на Република Македонија;
- Во 2011 година д-р Томе Неновски ја доби државната награда "23 октомври" за остварувања во областа на образованието и науката;
- Во 2012 година д-р Венера Крлиу Ханџиски беше прогласена за "Бизнис лидер на годината";
- Во 2012 година д-р Марјан Бојаџиев беше прогласен за "Наставник на годината" во регион 8 од мрежата ACBSP;
- Во 2012 година м-р Викторија Еремеева ја доби наградата "13 ноември" на Град Скопје за остварувања во областа на науката и образованието;
- Во 2013 година д-р Никица Мојсоска Блажевски и д-р Марјан Петрески го освоија второто место (и награда) на Глобалната мрежа за развој – светска конкуренција, поддржана од Влада на Јапонија;
- Во 2014 година д-р Никица Мојсоска Блажевски беше избрана за Директор на Комитетот за образование на Југоисточна Европа на престижниот Лондонски факултет за економија.
- Во 2017 година, д-р Марјан Бојаџиев е инаугуриран како Почесен конзул на Унгарија за Република Македонија – Охрид.
- Во 2017 година, д-р Венера Крлиу Ханџиски ја доби државната награда „Мајка Тереза", за особено значајни остварувања за Република Македонија во областа на хуманоста и човечката солидарност.



## НАГРАДИ И ОСТВАРУВАЊА НА УАКС

- Во 2010 година УАКС доби признание за Корпоративна општествена одговорност во категоријата “Односи со вработените”, доделена од страна на Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата;
- Во 2011 година УАКС доби награда за Корпоративна општествена одговорност во категоријата “Вложување во заедницата”, доделена од страна на Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата

# НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во изминатиот период од своето работење УАКС реализира интензивна научно-истражувачка работа, со остварување импресивни резултати кои го сместија на прво место во рангирањето меѓу приватните универзитети во РМ, а ФДЕИОН од страна на Централната банка на САД (ФЕД) беше рангиран на прво место меѓу сите економски факултети кои дејствуваат во РМ.

Уште од своето основање, УАКС постави цел да се позиционира како 'teach and research' универзитет, односно институција во која наставната и истражувачката работа ќе имаат подеднаква тежина. Низ годините беше постигнат значаен напредок на планот на научноистражувачката работа, чијшто најеклатантен показател е позиционирањето на високото второ место на УАКС во сферата на истражувањето на Шангајска листа од 2014 година.

Таквото позиционирање е резултат на активностите на наставниците на УАКС на повеќе полиња: објавување трудови во меѓународни списанија индексирани на Web of Science и во други рецензирани научни списанија, учество во истражувачки проекти, учество на меѓународни конференции, учество на меѓународни работилници за истражувачки теми и сл.

Во периодот од основањето до денес, УАКС е застапен на престижната база Web of Science со над 30 публикувани трудови, од кои најголем дел се од областа на економијата и бизнисот. Во тој период беа објавени над 300 наслови во меѓународни рецензирани списанија, од кои дел се индексирани во други значајни бази на списанија, како што се Скопус и Коперникус. Наставно-научниот кадар редовно учествува на научно-истражувачки конференции, при што во 15-годишниот период остварени се учества на над 300 научни конференции низ светот, од кои најмалку половина биле поддржани со универзитетски средства.

УАКС активно учествува на домашни и меѓународни повици за изведување научно-истражувачки проекти. Досега се реализирани повеќе проекти од престижни донатори како што се: Европска Комисија, Швајцарска Агенција за Развој, Глобална Развојна Мрежа, Светска банка, Лондонска школа за економија и многу други.



IDEAS

Papers Articles Authors Institutions Rankings Data (FRED®)

Search IDEAS
Advanced Search

IDEAS home

Browse for material

- Papers
- Articles
- Software
- Books
- Chapters
- Authors
- Institutions
- Rankings
- Data (FRED®)

Find material

- JEL Classification
- NEP reports
- Subscribe to new research
- Search
- Pub compilations
- Reading lists

MyIDEAS

More options are now at bottom of page

IDEAS is a RePEc service hosted by the Research Division of the Federal Reserve Bank of St. Louis

IDEAS was sponsored from 1997 to 2002 by the Université du Québec à Montréal.

Share: MyIDEAS: Login

Select Language Powered by Google Translate

Top 25% Institutions and Economists in Macedonia (Former Yugoslav Republic), as of July 2015

This page shows one of the many rankings computed with RePEc data. They are based on data about authors who have registered with the RePEc Author Service, institutions listed on EDIRC, bibliographic data collected by RePEc, citation analysis performed by CitEc and popularity data compiled by LogEc. To find more rankings, historical data and detailed methodology, click here. Or see the ranking FAQ. For Macedonia (Former Yugoslav Republic), there are 28 authors affiliated with 7 institutions. Note that authors affiliated only with institutions in this region that are not listed in EDIRC cannot be ranked. Authors with multiple affiliations are attributed to each according to the weights they have set to each in their profile, or by default according to a formula described here.

All institutions in this region.

Top 25% institutions in Macedonia (Former Yugoslav Republic)

| Rank | W.Rank | Institution | Score | Authors | Author shares |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | [1] | School of Business Economics and Management, University American College<br>Skopje, Macedonia (Former Yugoslav Republic) | 1.08 | 11 | 9.19 |

Top 25% authors in Macedonia (Former Yugoslav Republic)

This ranking is based on registered authors only, and only those who claimed some affiliation in this region, and this affiliation is listed in EDIRC.

| Rank | W.Rank | Author | Score |
|---|---|---|---|
| 1 | [1] | Marjan Petreski<br>Finance Think, Skopje<br>School of Business Economics and Management, University American College, Skopje | 1.29 |
| 2 | [7] | Aneta Krstevska<br>Narodna Banka na Republika Makedonija, Skopje<br>School of Business Economics and Management, University American College, Skopje | 4.2 |
| 3 | [10] | Despina Petreska<br>Finance Think, Skopje | 4.33 |
| 4 | [4] | Nikica Mojsoska-Blazevski<br>School of Business Economics and Management, University American College, Skopje | 4.56 |
| 5 | [2] | Dushko Josheski | 4.58 |
| 6 | [9] | Igor Velickovski<br>School of Business Economics and Management, University American College, Skopje<br>Narodna Banka na Republika Makedonija, Skopje | 4.68 |
| 7 | [6] | Mihail Petkovski<br>Ekonomski Fakultet, Univerzitet "Sv. Kiril i Metodij", Skopje | 5.75 |

The data presented here is experimental. It is based on a limited sample of the research output in Economics and Finance. Only material catalogued in RePEc is considered. For any citation based criterion, only works that could be parsed by the CitEc project are considered. For any ranking of people, only those registered with the RePEc Author Service can be taken into account. And for rankings of institutions, only those listed in EDIRC and claimed as affiliation by the respective, registered authors can be measured. Thus, this list is by no means based on a complete sample. You can help making this more comprehensive by encouraging more publications to be listed (instructions) and more authors to register (form). For more details on the various rankings that are available as well for documentation, follow this link.

Credits:

- Citations from CitEc project by José Manuel Barrueco Cruz, University of Valencia, Spain. Hardware provided by Instituto Valenciano de Investigaciones Económicas (IVIE), Valencia, Spain.
- Abstract views and downloads statistics from LogEc project by Sune Karlsson, Örebro University, Sweden.
- Author registration by Ivan Kumanov, Minsk, Belarus.
- Institutions database and ranking computations by Christian Zimmermann, Federal Reserve Bank of St. Louis.
- RePEc has been initiated by Thomas Krichel.

We do our best, but we cannot exclude errors.

## *Позначајни научно-истражувачки проекти во кои учествувал УАКС*

- "Measuring the Grey Economy in Macedonia and Drafting Policy Proposals For its Integration in The Formal Sector”¬ Истражување спроведено во соработка со USAID – Skopje, 2008;
- Macedonian as a Foreign Language Curriculum Upgrading MaFoLaC, 2010-2012;
- OPTIMALE (Optimising Professional Translator Training in a Multilingual Europe), 2010-2013;
- No Nation Was Ever Ruined by Trade: South-East European Trade Analysis – Global Development Network 2011;
- Practical modelling in GAMS – World Bank 2011;
- Gender pay Gap in THE Western Balkan Countries: Evidence from Serbia, Montenegro and Macedonia – Regional Research promotion program, 2012;
- To consume or to self-employ? Evidence from remittances' use in Macedonia, Bosnia and Herzegovina and Kosovo, with emphasis on crisis, gender and ethnicity role – Regional Research promotion program, 2012-2013;
- Making Work Pay in The Western Balkans: The case of Serbia and Macedonia – Regional Research promotion program, 2012-2013;
- CGE Model for green growth in Macedonia – World Bank 2012-2013;
- Researchers’ Night – Research shapes the dream – FP7 PEOPLE Marie Curie 2012;
- Researchers’ Night – We grow with curiosity – FP7 PEOPLE Marie Curie 2013;
- Mapping of VET Educational Policies and Practices for Social Inclusion and Social Cohesion – LSE Enterprise 2013.

# VOX ORGANIZATIONIS - ПРВ ПАТЕНТ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ ВО МАКЕДОНИЈА

Во 2019 година, Универзитетот Американ Колеџ Скопје го претстави првиот патент од областа на општествени науки во земјава – Vox Organizationis, резултат на долготрајна научна работа.

Носител на проектот е проф. д-р Марјан Бојаџиев, а во тимот се и професорките Ана Томовска-Мисоска и Миодрага Стефановска-Петковска, како и докторандот Ивона Милева. Тие имаат објавено повеќе од 20 научни и стручни трудови од областа на организационите науки, од коишто првиот е објавен во 2011 година, и круна на истражувачката работа на тимот е добивањето патент за Vox Organizationis.

Станува збор за модел за мерење организациска култура, лидерски стил и организациска усогласеност, кој се базира на досегашната литература за организациска култура. Некои од најважните автори на кои се потпираат и сметаат дека се нивна претходница се: Hofstede, Cameron & Quin.



# МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА УАКС ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Во рамки на своите акадамски активности, УАКС организира Меѓународна конференција за европска интеграција која, традиционално, се одржува секоја година, уште од самиот почеток на неговата работа.

Главна цел на конференцијата е да овозможи интензивен дијалог за заедничката европска иднина, која се темели на креативност, иновација и дигитални технологии, како и на основните политички вредности на слобода, солидарност и интеграција во Европа.

Низ годините, таа конференција прерасна во значаен академски форум за размена на идеи меѓу врвни домашни и странски научници, професори, истражувачи и професионалци. Досега во работата на конференцијата учествувале повеќе од 300 излагачи од дваесетина земји од целиот свет, кои ги претставиле своите трудови и истражувачки резултати пред повеќе од 3.000 заинтересирани учесници.

На конференцијата редовно присуствуваат и политички лидери, креатори на политики и претставници на медиумите од РСМ и од странство. Во програмскиот одбор на конференцијата членувале угледни професори од повеќе од десетина европски универзитети.

2006 - Changes Arising from the EU Member Candidate Status

2007 - Bringing Europe in: Different Mechanisms of Europeanization

2008 - Globalization of the Region – EU Perspectives as a Challenge

2009 - Europe in Crisis: Threats and Opportunities

2010 - Europe after the Lisbon Treaty

2011 - Constructing Europe as a Global Power: From Market to Identity?

2012 - Europe 2020: Towards Innovation and Inclusive Union

2013 - Out of the Crisis: EU Economic and Social Policies Reconsidered

2014 - Europe of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated

2015 - European Integration - New Prospects

2016 - Borders: Imagined or Real

2017 - Rethinking Migration, Economic Growth and Solidarity in Europe

2018 - Europe and the Balkans

2019 - Innovating Europe

2020 - Climate Change: Challenges and Building Resilience






# ИЗДАВАЧКА И БИБЛИОТЕЧНА  ДЕЈНОСТ

## Позначајни изданија на УАКС

Почнувајќи од 2008 година, УАКС започна со објавување книги од професори на УАКС. Меѓу нив се следните:

2008 - Делова-Јолевски Евица: „Основи на статистика"

2008 - Неновски Томе: „Макроекономија"

2008 - Шапуриќ Зоран: „Децентрализација на власта во Република Македонија"

2008 - Визема Ханс: „Кон универзитетите од третата генерација"

2009 - Делова-Јолевски Евица: „Збирка задачи по статистика"

2010 - Шапуриќ Зоран: „Животна средина и одржлив развој"

2010 - Пендаровски Стево: „Меѓународна безбедност"

2010 - Неновски Томе: „Макроекономија – основни принципи" – продолжено издание

2010 - Василие Марцекиќ: „Нацртна Геометрија"

2010 - Наумовски Владимир: „Борба против финансирање на тероризмот во светот со осврт на некои земји во Југоисточна Европа"

2010 - Неновски Томе: „Република Македонија и светската економска криза"

2010 - Андонов Марко: "Поврзаните лица во правниот систем на Република Македонија"

2011- Марјан Петрески: „Monetary-regime switch from exchange-rate to inflation targeting: with reference to developing economies"

2012 - Пендаровски Стево: „Macedonian Foreign Policy 1991 – 2011: Aspects of Internal and International Legitimacy"

2012 - Костовски Нинко: „Виртуелен бизнис, реални пари! Или обратно?"

2012 - Неновски Томе: „Шокови, достигнувања и перспектива на македонската економија"

2012 - Неновски Томе и Делова-Јолевски Евица: „Пари и банкарство"

2014 - Михајлоски Зоран и Андонов Марко: „Менаџерски договори"

Покрај овие изданија, УАКС има објавено голем број останати изданија, кои претставуваат висококвалитетни магистерски работи на студенти кои магистрирале на УАКС, како и многубројни читанки и книги во електронска форма согласно правилата пропишани од Националната универзитетска библиотека во Македонија.

## БИБЛИОТЕКА

Библиотеката на УАКС располага со 9000 книги. Дел од нив се купени со сопствени средства на УАКС, а дел се добиени од размена со други библиотеки и од донации. Голем дел од книгите се добиени од библиотеката на Македонската академија на науките и уметностите, која ги донираше сите преведени наслови на книги од проектот на Владата на РМ со наслов: „Превод на 500 стручни, научни книги и учебници“. Библиотечниот материјал е обработен според УДК (универзална децимална класификација) која се користи и во COBISS системот за пребарување на литература и секоја книга има своја сигнатура. Библиотеката нуди и домашни и странски списанија и весници што може да се користат во читалната на УАКС.



# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ НА УАКС

## Двојна диплома во соработка со Универзитетот Тор Вергата, Рим

На 16.5.2017г., проф. д-р Марјан Бојаџиев, тогашен Ректор на Универзитет Американ Колеџ Скопје, присуствуваше на официјалната церемонија за потпишување на договорот за Двојна Диплома со Универзитетот Тор Вергата во Рим.

Програмата која е цел на овој договор е студиската програма за додипломски студии по Бизнис администрација и економија, чијашто настава се изведува на англиски јазик и е достапна на двата универзитети и преку која студентите се стекнуваат со диплома од двете институции.

На церемонијата присуствуваа државни функционери од двете земји, меѓу кои и претставници на Амбасадите и дипломатските тела од земјите, како и студенти, административен и академски кадар од двата универзитети.




Со потпишувањето на овој договор за Двојна Диплома помеѓу УАКС и Тор Вергата како еден од 400те највисоко рангирани универзитети според Шангајската листа, УАКС станува првиот и единствениот универзитет во земјата кој има соработка со глобално реноминиран универзитет, но воедно и единствен кој нуди програма со која студентите ќе се стекнат со не една, туку две меѓународно признати дипломи.

Во 2020 г. веќе ја има првата генерација дипломирани студенти на оваа програма. Тие првите две години од своите студии ги минаа на Универзитет Американ Колеџ Скопје, а третата на Тор Вергата во Рим. Задоволни од стекнатите знаења, контакти, искуства и дружења, како и од двете меѓународно акредитирани дипломи, студентите на Тор Вергата се вистинско богатство и за нашата земја, и пошироко.

### *Издавање и промоција на книга на Jans Wisema*

На 6 јуни 2008 година се изврши промоција на книгата на г-дин Ханс Висема „Кон третата генерација на Универзитети". Книгата ги опишува карактеристиките на новите универзитети. Издавач на таа книга беше УАКС.

На тој начин почна соработката на УАКС со г-н Визема, која прерасна во долгорочно пријателство и водеше кон вклучување на УАКС во Европската фондација за истражувања во областа на претприемништвото (European Foundation for Entrepreneurial Research – EFER).

### *Учество во Европската фондација за истражувања во областа на претприемништвото (European Foundation for Entrepreneurial Research – EFER)*

Европската фондација за истражувања во областа на претприемништвото (ЕФЕР), која е основана во 1987 година, промовира истражување и интерактивна настава од областа на претприемништвото во институциите на високото образование во Европа, а во соработка со престижни универзитети од САД, како што се Харвард, МИТ и Стенфорд.

Препознавајќи ја вредноста и потенцијалот на активностите ЕФЕР, УАКС во 2008 година започна соработка со ЕФЕР и оттогаш активно придонесува за остварување на целите на локално ниво. Преку посета на годишните колоквиуми за обука на наставен кадар, 16 професори од УАКС се стекнаа со вештини за предавање преку студии на случај, кој е нов интерактивен метод во пристапот кон студентите.

Со своето искуство и сугестии за истражувачката дејност, во 2010 година ЕФЕР му помогна на УАКС во основањето Институт за претприемништво и лидерски развој. Во 2015 година ЕФЕР поддржа издавање на универзитетско помагало и збирка на бизнис студии на случај под назив „Кршење на мраз на претприемнички начин: Процеси и студии на случај за успешни претприемачи од Централна и Источна Европа".

### *Учество во Мрежа Решица*

Од 2009 година УАКС активно членува во меѓународната мрежа Решица, која има за цел соработка меѓу шеснаесет универзитети од ЦЕИ за унапредување на квалификациите на студентите и на дипломираните студенти во доменот на претприемништвото и иновациите.

Со поддршка на Германската агенција за академска размена, мрежата овозможува размена на професори, организирање на школи за последипломци и докторанди, реализација на научно-истражувачки проекти, научни конференции и заеднички наставни програми.

Во 2013 и 2015 година УАКС организираше меѓународна летна школа за „Социјално претприемништво" како дел од програмските активности на мрежата. До 2015 година повеќе од 70 студенти на УАКС ги посетиле тие летни школи.

### *Институт за претприемништво и лидерски развој*

Во 2011 година УАКС основа приватна научна установа - УАКС Институт за претприемништво и лидерски развој со цел да ја поттикне истражувачката дејност и да воспостави нови мрежи на знаење и размена на искуства.

Институтот преку својата работа се стреми за поттикнување на претриемнички дух кај младите, малите и средните претпријатија и кај лидерите преку надградба на вештините, воспоставување на деловни мрежи, трансфер на знаења, како и поттикнување на иновациите и креативноста во деловните опкружувања.

Својата мисија Институтот ја реализира преку континуирано унапредување на научно - истражувачката дејност во доменот на претприемништвото, иновациите и лидерството и јакнење на врската меѓу науката и образованието.

Активностите се насочени кон унапредување на домашната и на меѓународната соработка преку трансфер на знаења и истражување, ползување на резултатите од истражувањата и нивна практична примена, а со цел зголемување на продуктивноста на трудот и националната конкурентска способност во глобалниот простор.

### *Меѓународна летна школа за архитектура и дизајн во Охрид*

Во 2013 година беше востановена меѓународната летна школа за архитектура и дизајн во соработка со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид, и културната манифестација Охридско Лето.







На досегашните сесии учествувале над 200 студенти од Европа, Азија и Македонија, а како ментори на школата се јавуваат светски познатите архитекти: Јошикару Цукамото и Момојо Кајима од Јапонија, Винко Пенезиќ и Крешимир Рогина од Хрватска, Харалд Трап од Виена, Австрија, Деан Лах од Љубљана, Словенија, Митеш Диксит од Њујорк, САД, и многу други.

# СОРАБОТКА СО СТРАНСКИ ВИСОКООБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ

УАКС соработува со повеќе меѓународни високообразовни институции преку размена на студенти и наставници, заеднички истражувања и др.

Повеќето од билатералните договори вклучуваат соработка на полето на размена на студенти и наставници, како и реализирање заеднички студиски програми, студии за добивање двојни дипломи и други слични програми со универзитети во Европа и во САД.

Таква соработка УАКС има воспоставено со:

| |
|---|
| University Paulista, Brasília, Brazil |
| Almaty University of Power Engineering and Telecommunications, Almaty, Kazakhstan |
| Catholic University of Sacred Heart, Milan, Italy |
| FPT University, Hanoi, Vietnam |
| Gazi University, Turkey |
| Dauphine University, Paris, France |
| University of Applied Sciences Worms, Germany |
| Maastricht School of Management, Maastricht, Netherlands |
| Vienna University of Technology, Austria |
| International University of Monaco, Monaco |
| Virginia International University, Fairfax, USA |
| John Cabot University, Rome, Italy |
| Vesalius College Brussels, Belgium |
| GEA College – Faculty of Entrepreneurship, Slovenia |
| Horizons University, Paris, France |
| VSEM College of Economics and Management, Prague, Czech Republic |
| CMH Academy and IEMI - European Institute of International Management, Paris, France |
| East Carolina University, USA |
| Institut Supérieur de Gestion (ISG), Paris, France |
| ESIC Business and Marketing School, Valencia, Spain |
| Swiss Management Center, Zurich, Vienna, Austria |
| European Institut of Education, San Gwan, Malta |
| St. Louis Community College, Missouri, USA |
| Technical Faculty of Bor, University of Belgrade, Serbia |

УАКС е дел од мрежите Erasmus и CEEPUS во Европа, а има склучено билатерални договори со одделни универзитети низ целиот свет. Како дел од тој проект, УАКС соработува со следните образовни институции:

| |
|---|
| Universita di Foggia, Foggia, Italy |
| Miguel Hernández University of Elche, Valencia, Spain |
| EDEM Escuela de Empresarios, Valencia, Spain |
| Universidad a distancia de Madrid, Madrid, Spain |
| ESIC-Business and Marketing School, Malaga, Spain |
| Gdansk Management College, Gdansk, Poland |
| Infrastructure  and Management College, Warsaw, Poland |
| Polish Open University, Warsaw, Poland |
| GEA College , Ljubljana, Slovenia |
| IBS International Business School Ljubljana, Slovenia |
| Politehnica University of Timisoara, Timisoara, Romania |
| Romanian American University, Bucuresti, Romania |
| Eftimie  Murgu University of Resita, Romania |
| Gazi University, Ankara, Turkey |
| Aachen University of Applied Sciences, Aachen, Germany |
| Bradford College Bradford, West Yorkshire, United Kingdom |
| Lazarski University, Warszawa, Poland |
| Universidad Miguel Hernández de Elche, Spain |
| Caucasus Univeristy from Georgia, Georgia |
| Baku Business University from Baku, Azerbaijan |
| Vytautas Magnus University,Kaunas, Lithuania |
| University of Derby, United Kingdom |
| Universita Degli Studi Di Napoli Federico II |
| University of Rome Tor Vergata, Italy |
| University of Applied Sciences Baltazar Zaprešić, Croatia |
| Université Catholique de Lille, France |
| Univesidad de Burgos, Spain |
| Haute Ecole de la Province de Liège, Belgium |
| Universite D'Angers, France |
| Varna Universitu of Management, Bulgaria |
| Siirt University, Turkey |
| UNICUSANO, Italy |
| University of the Basque Country, Spain |
| Mehmet Akif Ersoy University, Turkey |
| Ondokuz Mayıs University (OMU), Turkey |
| Friedrich Schiller University Jena, Germany |
| Peoples Friendship university of Russia(RUDN), Moscow, Russia |
| Istanbul University, Turkey |
| University of National and World Economy, Sofia, Bulgaria |
| University of Applied Sciences Worms, Worms, Germany |

| |
|---|
| Universidade Catolica Portugesa, Lisboa, Portugal |
| Yalova University, Yalova,Turkey |
| Mugla University, Mugla,Turkey |
| Mehmet Akif Ersoy University, Turkey |
| University of Pila, Pila, Poland |
| Angel Knachev University of Ruse, Ruse, Bulgaria |
| Ircom – école supérieure privée, France |
| New Bulgarian University, Sofia, Bulgaria |

# ДЕЛОВЕН СОВЕТ И ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

## *Деловен совет на УАКС*

Во согласност со мисијата на УАКС и со трендовите во високото образование во земјата, во мај 2007 година УАКС формираше Деловен совет. За прв претседател на Деловниот совет беше избран истакнатиот претприемач и почесен конзул на Република Канада во Република Македонија, д-р Живко Груевски. Во периодот што следеше, претседатели на Деловниот совет беа Илијанчо Гаговски, Антони Пешев, Драгана Чифлиганец, а актуелна претседателка на Деловниот совет е Елена Младеновска.

Деловниот совет е формиран со цел да се создаде средина каде академијата и деловниот свет ќе имаат заедничка интеракција за да придонесат за креирање на социјално-економскиот развој на општеството. Корista од таа соработка се согледува во креирање поквалификувана работна сила, реализирање академски програми кои се во тренд со потребите на деловниот свет, промоција на компаниите и универзитетот, заедничко учество во изработка на проекти, стипендирање на исклучително квалитетни студенти итн. Во Деловниот совет денес учествуваат повеќе од 160 истакнати компании, институции и организации од РМ.



Во изминатиот период беа реализирани повеќе од 3.000 пракси на студенти на УАКС во членки на Деловниот совет, повеќе од 700 вработувања на дипломирани студенти на УАКС во членки на Деловниот совет, беа формирани неколку старт-ап компании, преку 300 професионалци од Деловниот совет одржале предавања на УАКС како гости-предавачи, преку 50 професионалци од членки на Деловниот совет предавале како клиничари на УАКС, а реализирани беа и голем број практични проекти во разни области од страна на студенти на УАКС.

Соработката на УАКС со Деловниот совет се манифестира и со доделување значителен број на стипендии секоја година од страна на негови членки, за најталентирани средношколци од земјата. Деловниот совет секоја година одржува годишни собранија на кои присуствуваат неговите членови. На средбите се дискутира за унапредување на соработката со компаниите, за подобрување на наставните содржини соодветно на потребите на работодавците, како и на што подобро подготвување на студентите за реалниот свет на бизнисот и потребите на пазарот.

## ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА НА УАКС

Центарот за кариера на УАКС е формиран во 2008 година со цел да им помогне на студентите за реализација на практична работа, вработување и развивање различни видови вештини потребни за развој во нивната кариера. Центарот за кариера има цел да образува, да советува и да гради мрежа која им помага на студентите да ги достигнат своите кариерни цели. Вработените во центарот за кариера се сертифицирани кариерни советници според највисоки меѓународни стандарди на Глобалниот олеснувач за развој на кариера (Global Career Development Facilitator – GCDF). Своето знаење тие го користат за да им помогнат на сите студенти да ги остварат своите професионални амбиции. Поплочувајќи го патот до успехот, Центарот на студентите на УАКС им нуди можности не само за практична работа во најдобрите домашни и меѓународни компании, туку и вработување.

## КЛУБ ЗА ТУТОРСТВО

Мисијата на Клубот за туторство на студенти е да им помогне на студентите на УАКС да ги подобрат нивните знаења во различни области и да развијат вештини за управување со време и ефикасно учење. За тутори се назначуваат квалитетни студенти кои веќе се стекнале со доволно знаење за соодветна област. Клубот за туторство и асистирање при учење го промовира и поттикнува независното учење и размислување за да се зголеми самодовербата на студентите, да се постигне квалитет во сите аспекти на нивното учење и да им се овозможи да постигнат континуиран успех во текот на нивното образование. Студентите може да побараат туторство за кој било предмет.

# ДЕЛТА МУ ДЕЛТА

Делта Му Делта (Delta Mu Delta) е почесно друштво во кое членуваат најдобрите студенти по бизнис од квалификувани универзитети и колеџи од целиот свет. Делта Му Делта е основана во1913-та година од страна на претставници на трите најпрестижни универзитети во САД: деканот на Универзитетот Харвард и четири професори од Универзитетот Јејл и Универзитетот Њујорк.

Во моментов, организацијата е присутна на 240 кампуси во светот и има повеќе од 160,000 членови кои живеат во повеќе од 175 држави во светот. УАКС стана член на Делта Му Делта во 2015 година. Делта Му Делта на своите членови им овозможува трајно членство, мрежа на контакти со другите членови, повисок општествен статус и признание за нивното академско образование и придонес во општеството. Членството во Делта Му Делта им е достапно само на одбрани поединци. Право на членство имаат само студентите на бизнис студии акредитирани од страна на ACBSP, кои покрај постигнување значителни резултати во учењето во текот на студиите, докажале и дека имаат капацитет и ентузијазам да постигнат забележителни успеси во иднина, како и личен интегритет да бидат носители на промени во општествата во кои дејствуваат.



Членството во Делта Му Делта претставува признание за високите стандарди на работа во текот на постоењето на Универзитетот и ја симболизира подготвеноста на УАКС да понуди висококвалитетно образование за студентите.

# УАКС АЛУМНИ

Во УАКС Алумни асоцијацијата членуваат поранешни студенти кои образованието го стекнале на додипломски, последипломски или докторски студии на УАКС.

Тргнувајќи од уверувањето дека секој поединец има потенцијал и вредности кои заслужуваат да се развиваат и збогатуваат преку образованието и дека напредокот на општеството зависи од придонесот и активното и креативно учество на сите негови членови, целта на УАКС Алумни асоцијацијата е да се поттикне интересот и поддршката на алумни членовите за универзитетските програми и активности, со цел охрабрување и одржување на интелектуалните и емотивните конекции меѓу членовите на асоцијацијата и УАКС.

Алумни асоцијата е посветена на развивање и негување мрежа на контакти, ресурси и информации од различни сектори, со цел унапредување на кариерите на алумнистите, подобрување на соработката, како и креирање нови бизнис потфати.

До сега, Алумни асоцијацијата на УАКС има организирано серија настани, од кои може да се издвојат гостувањето на проф. Исак Адижес во Скопје, настанот „Ден на семејството” кој неколку години по ред се одржуваше во Градскиот парк во Скопје и за кој УАКС доби награда за Корпоративна општествена одговорност, како и „Мастер Муабет“ настанот, на кој УАКС алумнисти им ги претставија на идните студенти своите впечатоци од Универзитетот.



УАКС редовно и посветено ги поддржува своите алумнисти и преку подготовка на алумни билтен, во кој се споделуваат поголемите успеси на алумни членовите, а и ги промовира преку низа маркетиншки активности, меѓу другото и организирање интервјуа, медиумски гостувања, учества на настани и бројни останати активности.




## УАКС ФОНДАЦИЈА

Алумни студентите од УАКС ја основаа и Фондацијата за професионален развој и стипендирање. Секоја академска година, Фондацијата обезбедува буџет за доделување стипендии на студенти што ќе се запишат на додипломски и постдипломски студии на некој од факултетите на УАКС. Фондацијата се залага за унапредување на достапноста и квалитетот на високото образование како важна основа за одржлив развој и негово интегрирање во современите европски и светски процеси.

Примарната цел на Фондацијата е промовирање и унапредување на високото образование следејќи ги меѓународните стандарди и давајќи му шанса на секој млад човек во РМ. Заради мобилизирање на финансиски и матерјални средства, своите активности Фондацијата ги насочува кон деловната заедница, државните органи и институции, граѓанскиот сектор и истакнати поединци – филантропи.

# АМЕРИКАНСКА ГИМНАЗИЈА СКОПЈЕ

На 23.3.2018 г. Универзитет Американ Колеџ Скопје го основа приватното средно училиште „Американска гимназија Скопје" (American High School Skopje).

Мисијата на училиштето е да им се овозможи квалитетно образование на младите генерации, со цел тие да се стекнат не само со знаења, способности и вештини потребни за продолжување на школувањето на високообразовните институции, туку и да се оспособат за работа и живот во современото општество.

Во Американската гимназија се применуваат современи наставни методи и современа образовна технологија, прилагодени на индивидуалниот физички, емоционален и интелектуален развој на учениците, и наменети за стимулирање критичко размислување, проучување и истражување. Учениците од гимназијата активно учествуваат во разни натпревари и проекти, на кои покажуваат високо ниво на знаење, што го потврдуваат и со многуте освоени награди. Врвниот наставен кадар е посветен и на академскиот развој на учениците, но посебно внимава и на истакнување на хуманистичките вредности и негување на етичките вредности кај учениците.



Американската гимназија Скопје секоја година организира и конкурс за доделување стипендии за учениците од основните училишта, со што им го доближува својот едукативен пристап до поголем број ученици.




Во 2019 година Американската гимназија Скопје доби одлични оценки од страна на Accrediting Commission for Schools, Western Association of Schools and Colleges, за своето континуирано следење и придржување на процедурите, критериумите и политиката за акредитација на ACS WASC. Со тоа, училиштето се стекна со статус на кандидат за акредитација.

Овој статус е од големо значење за Американската гимназија Скопје, бидејќи е потврда за напорите и посветеноста на вработените кон врвното образование. Покрај тоа, овој статус значи и гаранција за самите ученици, како и за нивните родители, дека училиштето овозможува високо ниво на образование, основа за понатамошен успех. Како исклучително значаен чекор напред, овој статус на кандидат е и силен поттик и мотивација за уште поголема работа и посветеност на целиот тим.

# ХИБРИДНА НАСТАВА

2020 година помина во знакот на здравствената криза предизвикана од ширењето и опасноста од вирусот Ковид-19. Имајќи го предвид прогласувањето пандемија на светско ниво, како и следејќи ги препораките и протоколите на сите релевантни тела од земјата, Универзитет Американ Колеџ Скопје презеде серија промени благодарение на кои успеа да изгради нов и иновативен начин за учење под концептот на хибридна настава.

Универзитетот се прилагоди на условите и во согласност со својата посветеност кон врвно образование дури и во услови на криза, го креираше моделот за хибридна настава преку платформата Webex, кој почна да функционира преку целосно онлајн учење во пролетниот семестар 2020 г., и за студентите од Универзитетот, и за учениците од Американската гимназија Скопје. Со обуки на вработените, студентите и учениците, семестарот беше успешно завршен.



Во пресрет на зимскиот семестар 2020/2021 година, тимот на УАКС ги презеде сите потребни мерки за што поуспешна и побезбедна настава во новата учебна година и го усоврши хибридниот модел на настава. УАКС целосно се адаптираше на барањата и условите, и за своите студенти, професори и вработени понуди опција која го минимизира ризикот од ширење на вирусот, а притоа комбинира онлајн настава со настава со физичко присуство.

Дополнително, Универзитетот овозможи и онлајн уписи на нови студенти, како и онлајн регистрација на предмети. Со тоа значително го олесни процесот на административно управување за студентите, а и воведе ново ниво на здравствена заштита.




На тој начин, беше овозможено непречено функционирање на предавањата, испитите и одбраните и се постигна успешен компромис помеѓу врвниот квалитет на образованието и здравствената безбедност на студентите.

# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА УАКС

Покрај посветеноста на стекнувањето знаење, УАКС се грижи и за воспитување на своите студенти во насока на нивно реализирање како почитувани и одговорни членови на општеството.

Наставните програми и содржини се еднакво посветени и на негување социјална одговорност, едуцирајќи ги студентите да ја почитуваат заедницата во која живеат и да се однесуваат чесно, хумано и пожртвувано.

Имајќи го ова предвид, УАКС редовно организира настани и проекти за поттикнување општествена одговорност, во кои активно учествуваат студентите и наставниците. Подолу е само мал дел од бројните хуманитарни иницијативи на УАКС.

2020 ***Лектири за ученици со дислексија***

- Донација на лектирни изданија во издание на Арс Ламина, прилагодени за ученици со дислексија во основното училиште „Александар Македонски“ од Скопје

2020 ***Донација на храна за кучиња***

- Обезбедување храна за кучиња за шелтер центарот за кучиња Fetch the home.



2020 ***Донација на клупи***

- Обновување на училишниот мебел во основното училиште „Аврам Писевски“ во Бардовци со 30 клупи за учениците.

2020 ***Вистински дела на љубезност***

- Донација на храна за социјално ранливи категории

2019 ***Ретвитни оброк***

- Вработените и студентите на УАКС обезбедија намирници за готвење и готвеа со активистите на Ретвитни оброк
- Целта на активноста беше подготовка и обезбедување комплетни оброци за бездомниците од Скопје

2019 ***Вистински дела на љубезност***

- Обезбедување храна за социјално ранливи категории во соработка со здружението Вистински дела на љубезност
- Храната ја донираа студентите и вработените на УАКС

2018 ***Празнична радост***

- Предновогодишна хуманитарна аукција на уметнички дела, со цел собирање средства за набавка на апарати за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија во Скопје.

2017 ***Празнична донација***

- хуманитарна аукција на уметнички дела креирани и донирани од страна на професори, студенти, административен кадар и пријатели на Универзитетот
- Целта на аукцијата беше да се соберат средства за набавка на лабораториска центрифуга, еден од есенцијалните медицински апарати кои ги користат сите оддели при ЈЗУ Клиниката за детски болести во Скопје.

2017 ***Ден на крводарители***

- Над 30 студенти од втора година на ФДЕИОН организираа крводарителска акција, на која беа собрани 20 кеси со крв. Акцијата се реализираше во соработка со Одделот за трансфузиологија при ГОБ „8 Септември“ Скопје

2017 ***Биди хуман***

- Студентите по предметот Организациско однесување организираа хуманитарна акција за собирање облека, храна, училишен прибор и играчки за децата згрижени во Дневните центри за деца на улица во Скопје

2016 ***Хуманитарна помош за поплавените семејства***

- Вработените и студентите донираа прехранбени производи, средства за дезинфекција и средства за хигиена на возрасни лица и бебиња за настраданото население во поплавените подрачја во Скопје и Тетово



2015 ***Кариерно насочување***

- Во соработка со АИЕСЕК, меѓународна студентска организација, интензивни еднонеделни обуки за учениците од средните училишта за насочување во изборот на професионална определба и за стекнување вештини за самодоверба, анализа, комуникација и презентација.

2014 ***Гаражна продажба***

- Студентите на УАКС и учениците од основните училишта во општина Аеродром заеднички продаваа производи кои повеќе не им се потребни на нивните сопственици.
- Средствата од продажбата беа донирани на Здружението за заштита на животни „Анима Мунди“;

2014 ***Недела на водата***

- Студентите на УАКС им одржаа интерактивни предавања на ученици во основните училишта за значењето на штедењето вода и нејзино рационално користење

2014 ***Хуманитарна акција***

- Студентите организираа хуманитарна акција за настраданите во поплавите во Србија и Босна и Херцеговина, во соработка со Универзитетот од Белград – Технички факултет Бор;

2013 ***Светски ден на водата***

- Проект реализиран во соработка со Пакомак – Скопје

2012 ***Од стари кеси до нови производи***

- Студентите од ФАД и ФДЕИОН организираа хуманитарен настан CraftArt Fest при кој рециклираа стари кеси и од нив правеа производи кои подоцна им беа продавани на посетителите.
- Парите од акцијата беа употребени за купување храна за социјално загрозени семејства во РМ;

2011 ***Подај рака – донеси топлина во срцето на децата***

- Донација на облека и храна на Дневниот центар за деца на улица во Скопје

2011 ***Идејно решение***

- Изработка на идејно решение за реконструкција на основни училишта „Братство“ и „Војдан Чернодрински“ во општина Карпош - Донација на студентите од петта година на ФАД;

2010 ***Идејно решение***

- Изработка на идејно решение за дом за стари лица како донација на студентите од трета година на ФАД

2007 ***Донација***

- Донација на УАКС на играчки и разни материјали на Детска клиника во Скопје



# АКАДЕМСКИ КАДАР

УАКС силно верува дека квалитетното образование го сочинува комбинација од три елементи – добра академска основа дополнета со практична примена на теоријата во практиката и проширена со меѓународна димензија.

Водејќи се од таа девиза, УАКС во својата политика за човечки ресурси ја следи структурата 33:33:33 во поглед на ангажирање на академски кадар. Тоа значи дека се стреми 1/3 од наставата да ја држат наставници кои имаат наставно-научно звање и кои се надградуваат по академска или истражувачка патека, 1/3 од наставата да ја држат ангажирани професионалци и експерти од практиката, кои имаат долгогодишно работно искуство во деловната заедница и 1/3 од кадарот да бидат професори од други високообразовни установи од странство (претежно од земјите на Европска Унија и САД) кои ја даваат интернационалната перспектива на образованието на УАКС.

**АКТУЕЛЕН АКАДЕМСКИ КАДАР НА ОДДЕЛНИ ЕДИНИЦИ НА УАКС**

# ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ

**Редовно вработени наставници**
Проф. д-р Бојаџиев Марјан
Проф. д-р Неновски Томе
Проф. д-р Петрески Марјан
Проф. д-р Петровска Илијана
Проф. д-р Томовска-Мисоска Ана
Проф. д-р Стефановска-Петковска Миодрага
Вон. проф. д-р Бундалеска Елена
Вон. проф. д-р Димитар Ковачевски
Вон. проф. д-р Крлиу-Ханџиски Венера
Вон. проф. д-р Христова Снежана
Доц. д-р Стевчевска-Србиноска Душица
М-р Андонова Марија
М-р Кадиевска-Војновиќ Маја
М-р Милева Ивона
Таневски Стефан

**Надворешни соработници**
Проф. д-р Величковски Игор
Проф. д-р Делова-Јолевска Евица
Проф. д-р Крстевска Анета
Вон. проф. д-р Ивановски Филип
Вон. проф. д-р Мршиќ Јадранка
Вон. проф. д-р Наумовски Владимир
Доц. д-р Јовановска-Бошковска Надица
Доц. д-р Кондратенко Весна
Доц. д-р Николов Мишо
Д-р Котески Коста
Д-р Латиф Самир
Д-р Наќева-Ружин Александра
Д-р Ордановски Сашо
Д-р Парнарџиева-Змејкова Маја
Д-р Стевкова-Штериева Маја
М-р Атанасов Игор
М-р Бежоски Влатко
М-р Гештаковска Жаклина
М-р Кузмановиќ Весна
М-р Николовска Зденка

М-р Пауновски Иво
М-р Пеева-Лауренчиќ Ангелка
М-р Стефанов-Бабиќ Ирина
М-р Стефаноски Владимир
М-р Чушкова Весна
Аризанов Александар
Димитрова Силвија
Несторов Крсто
Петрески Тихомир

**Визитинг професори**
De Peddys Vittorio, PhD
Flamini Gulia, PhD
Gnan Luca, PhD
Vadnjal Jaka, PhD

**Поранешни наставници со кои ни било чест да соработуваме низ годините**
Ангеловска-Бежоска Анита
Андоновски Венко
Андриќ Маријана
Арсовски Драгољуб
Атанасовски Димче
Баришин Марија
Бишев Глигор
Блажевски Дарко
Борота Мирјана
Боцевска Кристина
Василев Горан
Витановски Јован
Георгиев Зоран
Ѓорѓијевски Данчо
Ѓоргова Гордијана
Димитров Дарко
Димитров Огнен
Димитрова Македонка
Диневска Гордана
Дојчинова-Стојановиќ Ивана
Дукоска Наташа
Ефремов Крум
Зографски Евгениј
Исак Мариша
Јаневски Зоран
Јанкоски Богољуб
Јовановски Игор
Јованчевска Оливера
Китанчева-Петковска Соња

<u>Костовски Нинко</u>
Кузмановиќ Весна
Лазаревски Димче
Лукаревски Мартин
Маја Ирина
Макревска Елена
Манасиев Роберт
Марковски Смиле
Миленковски Александар
Милошески Симон
Митревска Моника
Мојсоска-Блажевски Никица
Молад Кларис
Момирска-Марјановиќ Мирјана
Најдов Евгениј
Најдова Вурнек Јасна
Несתороска Викторија
Николиќ Сања
Николовска Ирена
Николоски Емили
Панова-Никифорова Сузана
Пејковски Јован
Петковска-Мирчевска Татјана
Петкоски Кристијан
Петрески Благица
Петровска Светлана
Попов Лазар
Поповска Анита
Поповска Анита
Рејл Мимоза
Ристовска Искра
Ристовска Маја
Ристовски Димитар
Савовски Кирил
Самак Веле
Смокварски Еди
Стефановски Перо
Стојановски Методија
Стојковски Андреја
Хаџи-Васков Методија
Чадиковска Моника
Шикоски Јордан
Клековски Сашо

**Визитинг професори**

Akrivoulis Dimitris
Ali Sabeen
Bodenhamer Rob
Clark Anthony
Crips Jeremy
Gagne Jean Francois
Graef Michael
Jahdi Khosro
Kfuri Nicholas
Kolevski Oliver
Mihajlovic Ivan
Nasir Fuad
Vasenberg Gerd
Verhoef Leo

# ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН

**Редовно вработени наставници**
Проф. д-р Васиќ Тони
Проф. д-р Ладински Владимир
Проф. д-р Ралев Мишко
Проф. м-р Еремеева-Наумоска Викторија
Вон. проф. д-р Јованов Љупчо
Вон. проф. м-р Бакалчев Виолета
М-р Деловски Мартин
М-р Велинова Ана
М-р Вељаноски Павел
М-р Ѓорѓевиќ-Атанасовска Бранислава
М-р Десков Владимир
М-р Карангелеска-Тодоровска Нина
М-р Милушева Паолина
М-р Наумовски Максим
М-р Николовски Иван

**Надворешни соработници**
Проф. д-р Лафазановски Ермис
Доц. д-р Старова-Ќерими Дита
Д-р Блажевски Сашо
Д-р Локвенец Хари
Д-р Шишовски Јордан
М-р Георгиевска Невена
М-р Коцевски Влатко
М-р Мирковски Иван
М-р Фетаху Фетах

**Поранешни наставници со кои ни било чест да соработуваме низ годините**
Аврамовска Елизабета
Андовски Александар
Гаревска Симона
Георгиевски Стефан
Грчев Кокан
Грчева Ирина
Гулевски Мартин
Данаилов Владо
Илиевски Оливер
Крлиу Тина
Лепавцов Андреј

Марцекиќ Василије
Момировски Дамјан
Никољски Александар
Омерагиќ-Апостолски Дијана
Павлов Зоран
Пазарџиевска Елена
Поповски Зоран
Серафимовски Даниел
Тодоровски Стефан
Цветковски Ладислав

**Визитинг професори**
Вон. проф. д-р Рогина Крешимир
Вон. проф. д-р Пенезиќ Винко
Д-р Гидинс Боб

# ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА

**Редовно вработени наставници**
Проф. д-р Божиновски Адријан
Проф. д-р Пачовски Вено
Вон. проф. д-р Стојменовска Ирена

**Надворешни соработници**
Доц. д-р Гаврилов Гоце
Доц. д-р Петров Иван
Д-р Биџовски Горан
Д-р Бојаџиевски Симон
Д-р Китанов Стојан
М-р Анастасова-Бојаџиевска Наташа
М-р Арсеновска Моника
М-р Богдановски Бојан
М-р Денковски Виктор
М-р Јелискоски Богдан
М-р Спироски Огнен
М-р Стојановска Ивана
М-р Фирфов Огнен
М-р Хаџи-Јорданов Васил
Дени Мирчевски
Митов Дејан
Митова Драгана

**Поранешни наставници со кои ни било чест да соработуваме низ годините**
Алексов Зоран
Ацковска Невена
Блажевска Ева
Блажевски Добре
Божиновски Стево
Велинов Даниел
Велинова Даниела
Ивановски Златко
Јованчевски Ѓорѓи
Локвенец Ирена
Настоски Игор
Саркањац Смиљка
Стојчевска Билјана
Черепналковска Снежана

# ФАКУЛТЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ НАУКИ

**Редовно вработени наставници**
Проф. д-р Додовски Иван
Вон. проф. д-р Андева Марина
Доц. д-р Јорданова-Пешевска Димитринка

**Надворешни соработници**
Вон. проф. д-р Пендароски Мирослав
Доц. д-р Корубин-Ќорлука Маја
Доц. д-р Марковски Данчо
Д-р Босилков Иво
Д-р Вангелов Огнен
Д-р Ваниќ Благица
Д-р Груевски Живко
Д-р Костовски Дарко
Д-р Опашинова-Шундовска Маријана
Д-р Полазаревска Мира
Д-р Стефановски Иван
М-р Јанчовски Тихомир
М-р Мосби Винсент

**Поранешни наставници со кои ни било чест да соработуваме низ годините**
Алексов Дарко
Атанасов Петар
Бабунски Климе
Буителет Пакет Дафне
Габер Виктор
Габер Дамјановска Наташа
Гашпар Биро
Гогова Станислава
Голубовска Јасмина
Давитковска Елена
Димовски Виктор
Донев Јован
Живковиќ Оливера
Ивановски Јон
Јанкулоски Звонимир
Јованоски Игор
Јовевска Анета
Каева Пејковска Мирјана

Кекеновски Јове
Малески Огнен
Марковиќ Маријана
Миловановиќ Злат
Мирчески Боро
Најчевска Мирјана
Неткова Бистра
Нечев Зоран
Новаковски Александар
Павлова Данева Ана
Пендаровски Стево
Петровски Филип
Салевска-Трајкова Василка
Сековска Билјана
Серафимовска Елеонора
Симовска Венка
Симоска Емилија
Спирковски Игор
Стевковски Љупчо
Степановски Марјан
Стојковски Благоја
Тодоровски Сашко
Хаџи-Анѓелов Ѓорѓе
Цветанова Ганка
Чупоски Атанас
Џундев Игор
Bongartz Heinz
Fouere Erwan
M. Waldburger Raoul
Marcon Donatino
McGaffey David
McGaffey Elizabet
Tsardanidis Charalambos

**Визитинг професори**
Проф. д-р Димитриос Акривулис
Проф. д-р Елизабета Мукаетова-Ладински
Проф. д-р Роберт Хадсон

# ФАКУЛТЕТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

**Редовно вработени наставници**
Проф. д-р Ванева Марјана
Доц. д-р Трајаноска-Стефановиќ Ивана
Виш лектор м-р Јованчевска-Миленкоска Јованка
Лектор м-р Јолевска-Попов Тамара

**Надворешни соработници**
Доц. д-р Тодорова Марија
М-р Ламберт Дејвид
М-р Рид Адам
М-р Симовска Анета
М-р Спасовска Сузана
М-р Христовска Кети
Трајаноска Маја

**Поранешни наставници со кои ни било чест да соработуваме низ годините**
Whithead Jennie
Авировиќ Ирена
Брајовиќ Злата
Гочкова Татјана
Груевска Маџовска Симона
Давидовска Лидија
Качинске Илина
Клисаровска Елена
Коловска Даница
Маказлиева Ели
Мек Гафи Бети Ен
Морикава Јоко
Петковска Марија
Спироска Јана
Стипцарова Оливера
Стојанова Николина
Стојановска Искра
Стојановска Наташа
Стојменска Елзесер Соња
Фотева Ана
Хаџи Арсова Загорка
Чамуроски Горан
Џонс Бетина
Џоунс Метју

**Визитинг**
Д- р Димова Слободанка

# ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ

**Редовно вработени наставници**
Проф. д-р Андонов Марко
Проф. д-р Чавдар Кимо
Доц. д-р Трајкова Кате

**Надворешни соработници**
Вон. проф. Михајловски Зоран
Доц. д-р Бојаџиевска Ирена
Доц. д-р Петкуќески Љупчо
М-р Абдулаи Амир
М-р Атанасова-Ѓоревска Горица

**Поранешни наставници со кои ни било чест да соработуваме низ годините**
Александровски Игор
Алиу Али
Арнаудовска Анета
Арслани Фаик
Велковска Бојана
Говоска Станислава
Гугуловска Ружица
Гутевска Александра
Давитковска Елена
Давитковски Борче
Данева Мострова Анета
Зиков Санде
Илиевска Славица
Јакупи Африм
Јовчевски Јован
Лузија Стојкова
Маркв Серожа
Мемети Изет
Мујоска-Трпевска Елена
Најденовски Јован
Неновска Нена
Николиќ Анела
Перишиќ Душица
Перчинкова Елица
Поповски Драган
Попопвски Слободан
Пулејкова Зорица
Ристески Зоран

Ристиќ Јелена
Ристовски Димитар
Семенкова Зорица
Семенкова Зорица
Сима Дарко
Спировски Игор
Стојановски Душко
Тнковска Загорка
Томовска Лујза
Фришчиќ Емилио
Цветковска Сотировска Севастија
Целеска Фросица
Чавдар Јулија
Чавдар Кирил
Чифлиганец Драгана
Џолев Иван

# МЕЃУНАРОДНА ВИСОКА ШКОЛА ЗА АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН

**Редовно вработени наставници**
М-р Инџи Селим

**Надворешни соработници и лаборанти**
М-р Заде Оја
Абас Кадир
Амдиу Ракиб
Незир Ајданур
Ракип Гулеч Тугај
Сејадиновска Неше
Хајредин Дениз

**Поранешни наставници со кои ни било чест да соработуваме низ годините**
Адеми Бекир
Едип Кефајет
Таири Валдет
Дулинња Ејуп
Бедри Абаз Емир
Јакупи Сема
Спироска Јана
Zupani Sumeje
Nebi Ufuk

# ИЗБОРИ ВО ПОЧЕСНИ ЗВАЊА

Поради посебен придонес за развојот и афирмацијата на УАКС и на високообразовниот процес во РМ и во светот, на неколкумина професори кои придонесоа за силен развој на економската наука во светот, УАКС им додели соодветни почесни звања:

**Почесни доктори на науки:**



*Philip Kotler – Doctor Honoris Causa*

На 15.09.2009 г. проф. Филип Котлер (Philip Kotler) беше прогласен за почесен доктор на науки на УАКС (Doctor Honoris Causa). Проф. Котлер е автор на преку 55 книги од областа на маркетингот и не случајно многумина го нарекуваат маркетинг гуру. Неговиот поглед на маркетингот во компаниите најдобро се гледа преку следниот цитат: „Улогата на одделот за маркетинг во компаниите е да ги дефинира потребите, барањата и интересите на селектираните пазарни групи и нив да ги задоволи поефективно и поефикасно од конкуренцијата, на начин кој ќе ја одржи или подобри благосостојбата на клиентите или на општеството".



*Paul Noritaka Tange - Doctor Honoris Causa*

На 25.04.2012 г. Пол Норитака Танге (Paul Noritaka Tange) беше прогласен за почесен доктор на науки на УАКС (Doctor Honoris Causa). Тој има работено низ целиот свет на многубројни проекти вклучувајќи и дел од зградите кои се сметаат за обележја на Сингапур. Основал сопствена компанија – Tange Associates во 2003, која во моментот работи на преку 40 проекти во 20 земји. Меѓу најмаркантните е проектот за изградба на второто највисоко училиште во светот – Mode Gakuen Cocoon Tower.



*Bert Twaalfhoven – Doctor Honoris Causa*

На 10.12.2014 г. Берт Твалфховен (Bert Twaalfhoven) беше прогласен за почесен доктор на науки на УАКС. Тој е ко-основач на првата компанија за ризичен капитал во Холандија – Гилде (Gilde) и основач на првата организација родител-наставник (part-teacher) во северна Холандија. Тваалфховен е сериски претприемач и основач на преку 54 бизниси во Италија, Франција, Холандија, Германија, Белгија, Русија, Украина, Англија, САД, Сингапур и Кина. Тој е еден од најзначајните и највлијателните актери кој придонесува за збогатување на знаењето за претприемништвото во Европската фондација за изстражување во областа на претприемништвото, во која УАКС членува од 2007 година.

**Почесни професори:**



На 19.05.2010, проф. д-р **Биро Гашпар** (Biro Gaspar) кој претходно беше ректор на УАКС, беше прогласен за почесен професор на УАКС (Professor Honoris Causa). Д-р Гашпар беше професор по меѓународни односи на Институтот за почитички науки и предаваше на универзитетот Eötvös Loránd во Будимпешта, Унгарија. Тој беше експерт-член на Комитетот за Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства – Commitee of Ministers- Council of Europe. Во периодот 1993-1998 работеше како специјален репортер на Комисијата за човекови права на Обединети Нации за човековите права во Судан. Во периодот 1990-1991 бил директор во кабинетот на премиерот на Република Унгарија. Владата на Република Унгарија на 18 декември 1995 г. му доделила награда „For minorities" поради неговиот придонес за заштита на правата на малцинствата и за подготовката на основниот концепт на „Актот за правата на националните и етничките малцинства", кој е усвоен од Парламенот на Унгарија во 1993 година. Неговите студии за меѓународни односи, заштита на човековите права и правата на малцинствата се објавени од страна на United Nations Association of the USA (New York, 1994), Institut Universitaire de Hautes Études Internationales (Geneva, 1993), ICES Kandi, Sri Lanka (1997), La documentation Francaise (Paris, 1999), Central European University, Budapest (1999) и Lit Verlag Münster-Hamburg-London (2000).



На 22.08.2012 г. проф. д-р **Злат Миловановиќ** беше избран за почесен професор на УАКС (Professor Honoris Causa). Проф. Миловановиќ докторал во областа на политичките науки и меѓународните односи на Универзитетот Темпл во САД и во областа на јавно право на Универзитетот од Нанси во Франција. Предавал на Универзитетот Темпл и на Универзитетот Бостон. Како визитинг професор држи предавања на Државниот колеџ во Гласборо, САД. Проф. Миловановќ изведувал наставна дејност на повеќе универзитети во светот. Автор е на повеќе научни публикации во областа на правото на морето, улогата на жената во меѓународните односи, трговијата со луѓе, меѓународноправната заштита на човековите права, меѓународното образование и др.



На 18.10.2013 година, проф. **Џереми Крипс** (Jeremy Cripps), беше избран за почесен професор на УАКС. Проф. Крипс има богато меѓународно професионално и големо консултантско искуство од областа на стратегиското планирање работејќи за голем број меѓународни компании. Во периодот 1983-2004 година работел како професор по сметководство и економија во Heidelberg College, Ohio, САД. Во периодот од 2004 до 2011 година работел како професор по сметководство и менаџмент во Американскиот универзитет во Кувајт. Во периодот од 2011 до денес тој е ангажиран како хонорарен професор на Универзитетот во Ливерпул.

# АДМИНИСТРАТИВЕН КАДАР НА УАКС

Функционирањето на УАКС е овозможено од непречена соработка меѓу академскиот кадар и административниот кадар. Административниот кадар н Универзитетот е сочинет од посветени вработени, чии знаења, вештини и способности овозможуваат организирање на наставата, обезбедуваат помош и насочување на студентите и на наставниците, организираат настани за промоција на УАКС, подготвуваат рекламни и промотивни кампањи и ги следат студентите во текот на целиот нивен академски прогрес, во текот на студиите, а и по завршувањето.

## Вработени во администрација на УАКС

| |
|---|
| **Кабинет на провост** |
| **М-р Тамара Младеновиќ,** асистент на провост |
| **М-р Тијана Стефановиќ Велеска**, референт за човечки ресурси |
| **Служба за студентски прашања** |
| **М-р Ива Миноска**, раководител на Служба за студентски прашања |
| **Елена Поповска**, координатор за додипломски, вонредни и докторски студии |
| **М-р Елена Пенкова,** координатор за додипломски студии |
| **М-р Надежда Поп-Костова**, координатор за постдипломски студии |
| **Соња Филиповска**, координатор за издавање документи на студенти |
| **Служба за финансии** |
| **Лилјана Буњевац**, финансиски директор |
| **Валентина Стојанова**, координатор за финансии |
| **Гордана Црцевска**, сметководител |
| **Служба за комуникации и вмрежување** |
| **М-р Викторија Гомбар Јаневска,** координатор за меѓународна соработка на УАКС |
| **М-р Димче Мицевски**, координатор за маркетинг и односи со јавност |
| **М-р Сандра Грујевска**, координатор за деловен совет, центар за кариера и алумни |
| **М-р Александра Симова Клинчарова**, координатор за корпоративни комуникации и алумни |
| **М-р Ивона Милева**, академски координатор |
| **Генерален секретар** |
| **Д-р Марина Андева,** генерален секретар |
| **Служба за информатичка поддршка** |
| **Жарко Павлоски**, координатор за информатичка поддршка |
| **Ненад Дуковски**, референт во служба за информатичка поддршка |
| **Служба за прием на странки** |
| **Ивана Божиновска**, референт за прием на странки |
| **Сузана Соколенко**, архива |

| **Библиотека** |
|---|
| **Зоран Колеќески**, библиотекар |
| **Служба за одржување** |
| **Сефер Љумани** – Одржување |
| **Благојче Блажевски** – Одржување |
| **Амриет Сулејман** – Хигиена и одржување |
| **Валентина Митровска** – Хигиена и одржување |
| **Менда Арсовска** – Хигиена и одржување |
| **Стојанка Ѓуроска** – Хигиена и одржување |
| **Тереза Туниќ** – Хигиена и одржување |

| **Американска Гимназија Скопје** |
|---|
| **Оливија Георгиевска**, академски координатор |
| **Сандра Накова**, административен координатор |
| **Марина Стојановска**, генерален секретар |
| **Адријана Јаки**, референт за прием на странки |

## Поранешни вработени во администрација на УАКС

***Кабинет на провост***
Александра Караџа
Ана Крлеска
Емил Ѓоргов
Ивана Николовска
Ивана Џеловска
Јасминка Јанакиева
Росица Секуловска

***Служба за студентски прашања***
Ана Крлиу
Георгије Видоевиќ
Ивана Џелоска
Магдалена Гошевска
Марија Калешов
Олгица Цветановска
Ракиб Амдиу
Сандра Накова
Софија Димитрова

***Служба за финансии***
Елена Илиевска

***Служба за комуникации и вмрежување***
Ana Keener

Ана Пипонска
Антони Наумофф
Ваљон Сарачини
Еди Смокварски
Елена Клисаровска
Ема Кастратовиќ
Ема Костовска
Емир Бериша
Илин Андреев
Лаура Крлиу
Љубица Короскоска
Никола Цуцулески
Николас Наумофф
Рахела Евтимова

***Служба за информатичка поддршка***
Александар Стојановски
Бранко Бошковиќ
Владе Илиевски
Горан Велески
Максим Јаки
Мартин Димевски

***Служба за прием на странки***
Иван Пентиев
Сандра Стаменковска

***Библиотека***
Љубица Настевски
Моника Јакимова Трајчева
Наташа Илиевска Бошковиќ
Нела Памукова
Тања Штерјова

***Служба за одржување***
Ајша Зулам
Александар Ѓуроски
Ацо Костовски
Валентина Митровска
Горан Боранов
Клара Горенова
Светлана Стефановска
Сулејман Фазлиќ

# СВЕДОЧЕЊА

## Рекоа за Универзитет Американ Колеџ Скопје

### - Проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска

Мисијата на УАКС е создавање нов и препознатлив квалитет во градење репутација на универзитет кој треба да одговори на глобалните потреби во високото образование. Силна карактеристика на неговото основање беше изразениот ентузијазам и посветеност на сите поединци кои беа вклучени во тој процес. Ангажирањето на реномирани професори и потврдени експерти од струката од државата и надвор од неа, на овој универзитет му даде печат на институција која се потпира на знаење, квалитет и креативен ентузијазам како три основни столбови за негов иден развој. Со вклучување на меѓународните стандарди во високообразовниот процес, но и со понуда на диференцирани услови во процесот на студирање, тој универзитет стана препознатлива институција која нуди единствени можности во образовниот процес како на национално, така и на меѓународно ниво.
Во релативно кус временски период, УАКС се позиционира како институција со препознатлива вредност во процесот на стекнување академски знаења, но и со иницијатива да прерасне во респектибилна хетерогена и диференцирана високообразовна институција која нуди зголемена ефикасност во студирањето и вклучување на студентите како рамноправни партнери во тој комплексен процес.

### - Проф д-р Злат Миловановиќ

УАКС е сигурно првиот од оние што можеме да ги наречеме “нов бран” на приватни и јавно-приватни универзитети во Македонија. Тој беше основан со идеја да понуди образование на македонски и англиски јазик, да практикува да биде лидер и да понуди услуги и разбирање на сите нивоа. Следејќи ја својата мисија, тој за брзо време стана лидер во високото образование во Македонија и пошироко.

УАКС ја примени американската програма со нови предмети, нови пристапи и нови методологии. Примери за тоа можат да се најдат во секој од 6-те факултети кои го сочинуваат УАКС. Се користат американски учебници за повеќето од предметите, како и учебници напишани на англиски јазик од негови професори. УАКС го следи американскиот модел на високо образование: пишани испити, тестови на средината на семестарот, студии на случај, симулации и присуство и активност на час – сите тие елементи придонесуваат за формирање на оценка за целокупната работа на студентот во текот на целиот семестер. Студентот секогаш е во центарот на вниманието.

Студентите на УАКС имаат голема полза од контактите кои УАКС им ги овозможува со мрежата на деловни компании и организации кои се членки на Деловниот совет на УАКС. Тие несебично овозможуваат практична работа за студентите, која го дополнува тоа што е научено во училница со практично искуство во реалниот свет.

Преку програмите за меѓународна размена, наставниците на УАКС имаат можност да се усовршуваат во САД или Европа (Fulbright, Brown, Erasmus). Преку тие програми УАКС, исто така, добива меѓународни наставници во Скопје. Студенти на УАКС учествуваат во многу програми за размена на студенти. До сега студенти од околу 30 земји имаат студирано на УАКС.